РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-322/3
18.11.2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-322/1 од 21.01.2025 година, против лицето --------- ------------, директор на -------- ---- ------- - --------- ---------- -- ------------ -- ----------- ------------ ------- ---------- (--------), поради сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена од ---------------- -- --------- - ------------ ------------- во 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што по однос на законитоста на постапка, постапено е од страна на други надлежни органи, кои донеле акти од своја надлежност, а по однос на наводите за сомневања за судир на интереси, ДКСК постапува по друг предмет.

Предметот со број 12-322/1 од 21.01.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.01.2025 година, доставена е пријава со наводи против лицето --------- ------------, директор на -------- ------------ ----------- - -------------- ---------- -- ------------ -- ----------- ------------ ----------------- (--------), поради сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена во 2024 година по која е оформен предмет број 12-322/1 од 21.01.2025 година.

Во конкретниот случај станува збор за постапка реализирана по јавен оглас бр.---------/-------------за набавка на услуги: Физичко, техничко и патролно обезбедување на објектите на државната управа. Пријавените наводи се однесуваат на сомневање за незаконитости и судир на интереси, поради тоа што правното лице со кое бил склучен договор во предметната

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапка за јавна набавка, формирало подружница по објавувањето на јавната набавка со која раководел роднина на директорот.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до Бирото за јавни набавки за обезбедување пристап до Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и проверка на документација за постапката за јавна набавка.

По разгледувањето на целокупната документација по предметот, констатирано е следното:

1. Од страна на директорот на -------- донесена е Одлука за јавна набавка со број -- -------/-- и со истата е формирана Комисија за јавна набавка задолжена да ја спроведе предметната јавна набавка согласно член 76 од Законот за јавни набавки. Во Одлуката е наведено дека истата е донесена по барање за спроведување на постапката поднесено согласно точка 1 од Планот за измена на Планот за јавни набавки за 2024 година од 10.10.2024 година. Во Одлуката исто така е определен износот и изворот на средства за реализација на јавната набавка.

2. Предметната постапка за јавна набавка е планирана како повеќегодишна набавка за три години и истата е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на договорниот орган за 2024 година донесен 15.01.2024 година.

3. На 10.10.2024 година во ЕСЈН, објавен е оглас за предметната набавка под број ---------/------- година. Во огласот, меѓу другото се даваат информации за видот на постапката, критериумот за доделување на договорот и начинот на распределба на бодовите, времетраење на договорот, гаранција на понудата и гаранција за квалитетно извршување на договорот.

4. На 17.10.2024 година во ЕСЈН објавено е Известување за измени и дополнителни информации во постапката, која се однесува на исправка на текст во огласот конкретно на текст од тендерската документација и тоа: во Точка 1.11.2 од тендерска документација подточка 1 од начинот на евалуација на понудите и во точка 2.3.3.3 од тендерската документација.

5. Во постапката биле примени понуди од 4 (четири) економски оператори и на 11.11.2024 година извршено е јавно отворање на понудите, по што бил изготвен Записник од страна на Комисијата за јавни набавки.

6. Во Извештајот од спроведената постапка број 18-4853/21 од 29.11.2024 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор на најповолна понуда на економскиот оператор ------------ ------- ---------------------. По прифаќање на дадениот предлог од страна на одговорното лице на 06.12.2024 година била донесена Одлука за избор на најповолна понуда со број --- - -----/---.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

7. Во меѓувреме односно, на 02.12.2024 година, по однос на предметната јавна набавка, била извршена управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки, врз основа на член 172 став (3) од Законот за јавни набавки, а согласно кој Бирото врши управна контрола чиј предмет се "постапките за јавни набавки чија проценета вредност е над 500.000 евра во денарска противвредност кај набавката на стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи." При контролата била разгледана целокупната документација за предметната постапка и бил изготвен записник од 06.12.2024 година во кој е констатирано дека не се најдени неправилности кои влијаат на исходот на постапката и дека договорниот орган може да продолжи со постапката согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

8. Против Одлуката за избор на најповолна понуда од 06.12.2024 година, од економските оператори ---------------- ---------- ----------- и ------------------------ ---------------- --------- ----------, биле вложени жалби на 12.12.2024 година. По истите постапила Државната комисија и на 18.12.2024 година донела Решенија со кои жалбите се усвоени, а одлуката за избор на најповолен понудувач била поништена и предметот бил вратен на повторно постапување и одлучување кај договорниот орган.
Во образложението на Решенијата е наведено дека договорниот орган извршил неправилна еволуација на понудите и постапил спротивно на одредбите од член 109 од Законот за јавните набавки. (стр.6 и 14 од Решенијата), па оттаму Државната комисија ги уважила поднесените жалби а договорниот орган го упатила дека при повторното постапување потребно е да изврши целосна и правилна еволуација на понудите и да ги има предвид насоките дадени од Државната комисија за жалби по јавни набавки.

9. Во повторената постапка за јавна набавка, договорниот орган постапил по решенијата донесени од второстепениот орган, по што е изготвен Извештај од спроведената постапка број 18-4853/34 од 23.12.2024 година. Во истиот е наведено и следното:
-По разгледувањето на понудите Комисијата за јавни набавки утврдила дека две од пристигнатите понуди содржат недостатоци поради што истите нема да бидат разгледувани во понатамошната евалуација на понудите (-------- ------------- ----------- --------- – не доставил банкарска гаранција и ------------- -------- -------------- -------- --------- – понудата не била изработена во согласност до тендерската документација а банкарската гаранција била невалидна).
Евалуација е извршена на останатите две понуди (------------------ ------------ ----------, кој учествувал како носител на група на понудувачи со Агенција за обезбедување на имоти --------- -------- ---------- ----------- ----------- и ------------------------ ------------------ ------------ -------------).
Врз основа на извршеното конечно бодување и рангирање на понудите, Комисијата дала предлог за избор на најповолна понуда со која го предложиле понудувачот ---------------- ---------

------- ------------. Договорниот орган донел Одлука за избор на најповолна понуда на 23.12.2024 година, со број ----- - --------/-----.

10. Против одлуката за избор на најповолна понуда од 23.12.2024 година била вложена жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки од економскиот оператор ------------------------ --------------- ------------ -------------, поради сомневање за повреда на правилата на постапката. По истата постапила Државната комисија за жалби по јавни набавки и на 09.01.2025 година, констатирала дека договорниот орган во повторената постапка има постапено по насоките на Државната комисија за жалби по јавни набавки и согласно Решенијата донесени од овој надлежен орган. Со оглед на констатираното, Комисијата донела Решение со кое жалбата се одбива поради неоснованост на жалбениот навод по однос на тоа дека договорниот орган извршил неправилна евалуација на понудата и дека постапил спротивно на член 109 од Законот за јавни набавки, во кој е дефиниран начинот на евалуација на понудите и Решенијата на второстепена комисија од 18.12.2024 година.

11. Договорот за јавната набавка е склучен на 14.01.2025 година, под број ---- - -----/--- со економскиот оператор -------------- ----------- -------------.

12. По однос на наводите за сомневањата за судир на интереси во предметната постапка за јавна набавка, ДКСК постапува по истата пријава по предмет број 09-301/1 од 21.01.2025 година.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по однос на законитоста на постапката за јавна набавка, постапено е од страна на надлежни органи - Бирото за јавни набавки и Државната комисија за жалби по јавни набавки, кои донеле акти од своја надлежност и кои при своето надлежно постапување не утврдиле неправилности во предметната постапка за јавна набавка орган. По однос на наводите за сомневањата за судир на интерес во предметната постапка за јавна набавка, ДКСК постапува по друг предмет.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК